**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

# СТРАТЕГИЈА

# ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

# 2025-2028

Ноември 2025 година

## СОДРЖИНА


1. Вовед ........................................................................................ 3

2. Усогласеност со развојните политики ........................................ 4

3. Анализа на состојбите ................................................................ 5

4. Правна рамка .............................................................................. 8

5. Меѓународни стандарди ............................................................ 11

6. Комуникациски принципи .......................................................... 13

7. Цел на стратегијата .................................................................... 15

8. Целни групи ................................................................................ 20

9. Внатрешна комуникација и координација .................................. 24

10. Комуникациски алатки и техники ............................................. 25

11. Рамка за следење, известување и евалуација ......................... 26

12. Заклучни согледувања и следење на примената на Стратегијата ...... 27

## 1. Вовед

Работењето на транспарентен и одговорен начин секогаш е поврзано со достапноста на информациите и споделување на истите со јавноста. Со развојот на технологијата, објавувањето и пренесувањето информации преку користење на медиумските и социјалните мрежи е лесно, брзо и достапно за поширокатa јавност, но сепак веродостојноста и квалитетот на информациите е клучна во процесот на градење доверба.

Стратегијата за комуникација и транспарентност на Советот на јавните обвинители 2025-2028 (во понатамошниот текст: Стратегија) претставува документ со кој се дефинираат начелата, стандардите, средства и начинот на комуникација, како и основните постулати на транспарентно работење.

Стратегијата има за цел да ги имплементира овие начела во секојдневното работење на Советот на јавните обвинители со што ќе допринесе кон зголемување на транспарентна и навремена комуникација со сите општествени чинители. На тој начин ќе се обезбеди континуитет во примена на стандардите и ќе се изгради институционалната меморија во работењето.

Процесот на градење на довербата во правосудните институции претставува комплексно прашање во кој транспарентноста е само еден механизам кој треба да ги отфрли сомнежите за шпекулации преку навремено информирање. Сепак клучен аспект во овој процес е квалитетот на одлуките кои се соопштуваат, а кои треба да бидат праведни и правични за јавноста да ги перцепира како законити.

Во таа насока, комуникацијата е успешна само ако е транспарентна и вистината, а транспарентноста не може да се реализира без ефикасна и навремена комуникација.

Имајќи ја во предвид оваа констатација, во текот на изработката на овој стратешки документ, природно се наметна заклучокот дека стратегијата треба да биде надградена и да го опфаќа начелото на транспарентноста како стратешка определба на Советот.

Донесувањето и примена на овој стратешки документ за градење на планска комуникација, како и работење врз основа на принципот на транспарентност, гледано од аспект на континуитет ќе претставува основа за следење на развојот на институцијата и ќе биде основа за изработка на следни стратегии кои ќе водат кон подобрување на работењето и зголемување на довербата во институциите.

Во процесот на изработка на Стратегијата за комуникација и транспаретност на Советот на јавните обвинители, стручна и техничка помош беше обезбедена преку проектот "Поддршка на ЕУ за владеење на правото" кој ќе го помага и спроведувањето на препораките.

## 2. Усогласеност со развојните политики

Започнувањето на процесот за изработка на Стратегијата и нејзиното усвојување од страна на Советот на јавните обвинители претставува исполнување на една од мерките предвидени во Развојната секторска стратегија за правосудството во Северна Македонија (2024-2028) кои се насочени кон зголемена транспарентност во работењето на оваа институција.[1]

Со цел зајакнување на вештините за комуникација и односи со јавност покрај донесувањето на комуникациска стратегија, потребна е и изработка на подзаконски акти во насока на зајакнување на транспарентноста. Имајќи предвид дека донесувањето на Стратегија само по себе не е доволно за подобрување на работите, туку особено е битна практичната примена, предвидени се и активности за спроведувањето на обуки за јавно говорење, организирањето брифинзи за медиумите, стручната и научна јавност, како и отворени денови во Советот на јавните обвинители.

За исполнување на препораките и активностите, се предвидува формирање на комисија составена од тројца членови на Советот на јавните обвинители, која ќе го следи нивното исполнување.

Исто така, со Стратегијата за комуникација и транспарентност се исполнува и една особено важна активност предвидена во стратешкиот документ од Европската Комисија насловен "Реформска агенда" која е насочена кон Советот на јавните обвинители со активности за подобрување на комуникацијата.[2]

## 3. Анализа на состојбите

[1] https://www.pravda.gov.mk/resursi/12

[2]

Советот на јавни обвинители има клучна улога во процесот на градење на јавното мислење и зголемување на довербата во институцијата, во зависност од начинот на кој ги спроведува постапките, како се донесуваат одлуките и секако дали истите се објавуваат и образложуваат на јавноста.

Анализата на состојбите по однос на комуникацијата и транспарентноста не може да се согледа во корелација со некој претходен документ, имајќи предвид дека ова е прва Стратегија која ќе започне да ја применува Советот во следниот период.

Од тој аспект, по исполнување на препораките од Стратегијата, позитивните и негативните практики ќе бидат искористени за изработка на нови стратешки документи, што ќе значи континуитет и надградба на добрите практики во работењето на Советот.

Поради тоа, врз основа на SWOT анализата ќе се согледаат силните и слабите страни, можностите и заканите.

| Силни страни | Слабости |
|---|---|
| • Согледани потребите за подобрување на начинот на комуникација,<br>• Изработка на нова веб-страница на Советот на јавните обвинители,<br>• Подготвеност за воспоставување на нови практики во објавување на информации и овозможување на достапност до пошироката јавност,<br>• Подготвеност за организирање на настани кои имаат за цел промовирање на улогата на Советот и отвореност на институцијата (отворен ден за кандидатите за судии и јавни обвинители). | • Слаб стратешки пристап кон градење на каналите за комуникација и достапност на институцијата,<br>• Голем обем на обврски на претседателот на Советот кој дејствува во улога на лице задолжено за односи со јавност<br>• Немање финансиски ресурси за набавување опрема со која ќе се врши пренос во живо на седниците,<br>• Недоволна институционална организираност во делот со комуникацијата со јавноста,<br>• Недостаток од спроведување специјализирани обуки за членовите за јавно говорење и давање изјави пред медиуми,<br>• Дефанзивен пристап кон одвраќање на политички напади на институцијата и јавните обвинители. |
| Можности | Закани |
| | |

| | |
|---|---|
| • Градење стратешки и континуиран пристап со цел воспоставување редовна комуникација и навремена објава на информации,<br><br>• Посветеност за организирање и учество на обуки,<br><br>• Употреба на систем за пренесување на седниците во живо,<br><br>• Зголемена активност и употреба на можностите кои ги нуди веб-страницата за промовирање на работата на Советот,<br><br>• Воспоставување пракса за редовни средби и брифинзи со медиумите, невладините организации и други заинтересирани страни,<br><br>• Овозможување непосредна комуникација со јавните обвинители. | • Немање политичка волја за поддршка на институцијата,<br><br>• Недоволна алокација на неопходни финансиски средства,<br><br>• Донесување на нова законска рамка која нема да ја зајакне улогата на Советот,<br><br>• Политички изјави со кои се намалува довербата во Советот, како и самостојноста на јавните обвинители. |

Од оваа анализа може да се издвои како најспецифична улогата на претседателот на Советот во делот на информирањето на јавноста со оглед на тоа што се кумулираат две посебни функции. Ова подразбира дека претседателот преку каналите за комуникација треба да биде во постојан контакт со сите кои бараат одредени информации, вклучувајќи пред се новинари, а истовремено да ги подготвува и да одговара на тие барања.

Доколку тргнеме од тоа дека комуникацијата треба да биде навремена и квалитетна, основано може да се очекува дека претседателот ќе се соочи со голем предизвик да ги исполни овие цели и затоа ова се издвојува како слабост во функционирањето.

Подобрување на комуникацијата и транспарентноста во функционирањето на Советот пред се зависи и од личните заложби на членовите, но голем удел имаат и другите фактори, па затоа политичката волја за поддршка се издвојува во делот на заканите како најспецифична околност што има влијание кон перцепцијата на пошироката јавност.

Можностите согледани како чекори со кои може да се надминат заканите и слабостите може да претставува систем на активности кои ќе доведат до зголемување на довербата во работењето на Советот. Во таа смисла клучно е долгорочно градење на стратешки пристап кон комуникација и транспарентност.

Во контекст на анализата, а доведено во корелација со воспоставените практики на функционирање на Советот, како позитивната страна може да се издвои тоа што се согледани сите овие проблеми и предизвици во секојдневното работење и се изразува подготвеноста за надминување преку овој стратешки документ.

Исто така, треба да се издвои и подготвеноста на Советот за воспоставување на нови практики во поглед на комуникацијата и транспарентноста како што се:

- организирање на отворен ден за кандидатите за судии и јавни обвинители со цел поблиску да се запознаат со работата на Советот и да се информираат за деталите при постапките за избор во основните јавни обвинителства,

- давање на образложение при гласањето за избор на јавни обвинители,

- објавување на образложени одлуки за избор на јавните обвинители,

- воспоставена пракса за давање на изјави за медиуми од страна на Претседателот, пред или по завршување на седниците,

- објавување на соопштенија по завршување на седниците со информации за одлуките и постапувањето на Советот.

Конкретно наведените силни страни треба да се развиваат и подобруваат се со цел зголемување на довербата во работата на Советот.

## 4. Правна рамка

Стратегијата се стреми не само да ги воспостави правилата и да ги формулира принципите на комуникација и транспарентност, туку исто така има за цел да ја доближи работата на Советот до целокупната јавност преку објаснување на улогата на ова тело.

Поширко гледано, јавнообвинителскиот систем во државата може да се каже дека го сочинуваат јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Следствено, ваквата организација на јавнообвинителскиот систем ја наметнува потребата од градење заеднички пристап и заедничко вложување кон зајакнување на довербата на јавноста, знаејќи дека независно секоја од овие институции може значително да влијае на перцепцијата за работата на јавните обвинители.

Имајќи ги предвид природата и посебните надлежностите кои ги имаат Советот на јавните обвинители и јавното обвинителство, а пред се различните целни групи, потреби и пристап кон комуникацијата, паралелно и координирано се одвива процесот на изработка на посебни Стратегии за комуникација за двете институции, предвидувајќи истовремено и заеднички активности.

Во насока на полесно разбирање на улогата која ја имаат овие институции во јавнообвинителскиот систем, тука ќе направиме краток осврт на нивните основни надлежности и поставеност.

Јавното обвинителство е самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела. Бидејќи јавното обвинителство е организирано според принципите на хиерархија и субординација, тоа претставува единствен орган кој го сочинуваат Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, четирите виши јавни обвинителства, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и дваесет и две основни јавни обвинителства.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е одговорен за организирање и извршување на функциите во јавното обвинителство. Истовремено, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е член по функција и учествува во работата на Советот со право на глас.

Советот како независен орган има надлежност да ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција.

Во овој контекст, покрај останатите значајни законски надлежности, најбитните постапки кои ги води Советот се оние дефинирани во Уставот, а тоа се изборот и разрешувањето на јавните обвинители.

Со ова Советот ја има најзначајната улога, а тоа е градење и развој на јавно обвинителскиот систем преку избор заснован на квалитети и унапредување на најдобрите обвинители. Од друга страна единствено Советот ја има надлежноста за разрешување на јавните обвинители како гарант на законитоста и основаноста на овие постапки.

Почитување и доследно применување на наведените принципи при постапките за избор или разрешување на јавните обвинители претставуваат предуслов за градење

на довербата во работата на Советот и имаат најголемо влијание во перцепцијата не само од јавните обвинители туку и од поширокота јавност.

Ако ова претставува предуслов, се доаѓа до заклучокот дека главен услов за градењето на довербата претставува транспарентноста во работењето и достапноста на одлуките на Советот преку обезбедување на навремена и квалитетна комуникација.

Кога станува збор за Советот, правилата за комуникација со јавноста и транспарентноста во работењето се стипулирани во Законот за Советот на јавните обвинители[3] и подетално разработени во Деловникот за работа[4].

Најбитната улога во градење на односите со јавноста согласно правната рамка е дадена на претседателот кој е задолжен да го претставува Советот, а со тоа и да обезбеди транспарентност и доверба на јавноста во работењето на Советот. Со тоа, претседателот е надлежен непосредно да ја известува јавноста и медиумите за прашања во врска со работата на Советот, но исто така може да определи лице од стручната служба кое ќе биде задолжено за овие работи.

Оттука, воспоставената пракса во работењето е претседателот на Советот да ја има улогата на портпарол на институцијата, а воедно и лице за непосреден контакт и комуникација со медиумите.

Ваквиот начин на остварување на комуникацијата со јавноста може да претставува сложен и сериозен предизвик за Советот на јавните обвинители ако се има во предвид природата на работа која ја извршува гледано во контекст на навременост и квалитет.

Доколку се земе во предвид дека Советот ги донесува своите одлуки на седници, а законски предвидено е седниците да бидат јавни, се доаѓа до најбитниот сегмент, а тоа е транспарентноста во работењето.

Во таа насока, Советот е должен одлуките за закажување на седници да ги објави на својата веб-страница. При објавата покрај датумот, времето и местото на одржувањето на седницата, се наведува и предложениот дневен ред.

По однос на транспарентноста во работењето со законот е строго дефинирано дека седниците се јавни, освен кога со исклучување на јавноста се штити угледот и интегритетот на јавниот обвинител.

Сепак, ова не претставува апсолутно исклучување на јавноста, бидејќи Советот пред да пристапи кон донесување на одлука за исклучување на јавноста дава појаснување и образложение, а потоа доколку таквата одлука е донесена, јавноста е исклучена само од расправата по предметот, додека гласањето е повторно со присуство на јавноста. Исто така, во записникот кој го изготвува генералниот секретар, во писмена форма се изнесуваат околностите по предметот за кој јавноста била исклучена со оние информации и податоци кои може да се споделат.

---

3

4

Како што беше споменато, овие постапки во кои е исклучена јавноста мора да бидат водени на транспарентен начин, со цел да не се фрли сомнеж дека таквата одлука се носи за да се задскрие постапувањето на членовите на Советот.

Особено битен сегмент кој допринесува кон перцепцијата на Советот е јавното објавување на одлуките на веб-страницата, а кои мораат да бидат образложени. Преку ова Советот има реална можност да ја гради перцепцијата која ја има пошироката јавност, но и јавните обвинители на кои се однесуваат одлуките, кон самата институција. На тој начин преку транспарентни постапки и добро образложени одлуки може да се зајакне довербата во институцијата.

Правната рамка во која е предвидено да функционира Советот овозможува и снимање на седниците тонски или аудио-визуелно. Како што ќе стане збор во делот каде е опфатена анализата на состојбите, немањето на доволно финансиски ресурси претставува главната пречка за набавка на соодветна опрема и јавно пренесување на седниците, па така преку овој документ Советот се обидува да ги запознае и општествените чинители за можностите кои може да се постигнат во комуникацијата и транспарентноста доколку се алоцираат потребни финансиски ресурси во опрема.

Имајќи ја предвид правната рамка, основната цел на работењето на Советот е да ја обезбеди и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција. Со тоа, Советот со својата работа треба да оневозможи било какво влијание во јавното обвинителство кое е спротивно на закон.

Оттука, целната комуникација кон јавното обвинителство и јавните обвинители на Советот е клучна за остварување на оваа основна функција. Таа комуникација треба да биде заснована на доверба и истата може да се перцепира како двонасочна. Од една страна Советот треба јасно да ја шири својата мисија, а тоа е дека нема да допушти никакви противзаконити влијанија кон јавните обвинители и дека во таков случај Советот ќе претставува браната која ќе ги штити јавните обвинители при вршењето на функцијата. Од друга страна, повратната комуникација треба да дојде од јавните обвинители кои ќе побараат заштита од Советот при вакви обиди за нарушување, кои може да доаѓаат од внатре во институцијата или од другите општествени чинители.

## 5. Меѓународни стандарди

Во текот на развојот на целокупниот правосуден систем покрај надминување на воочените слабости и пропусти во постапувањето, пред се мора да се стреми и кон примена на воспоставените меѓународни стандарди како повисока цел. Во понатамошниот текст се цитирани извадоци во поглед на комуникацијата и транспарентноста.

- *Водич за комуникација со медиумите и јавноста за судовите и јавните обвинителства* (усвоен на 31-та пленарна седница на Европската комисија за ефикасност на правдата – CEPEJ во Стразбур на 3 и 4 декември 2018 година)[5] :

"Живееме во свет на комуникација каде што работата на институциите е постојано предмет на јавна дебата и каде што критиката се изразува со помалку почит и со поголема подготвеност отколку во минатото. (...) Кога станува збор за имиџот, ништо не се подразбира само по себе и правдата не може да избега од овој тренд. Секоја потенцијална грешка може да привлече големо внимание со можни штетни последици за институциите и за оние кои ги претставуваат. Како резултат на тоа, правосудството како што било во минатото не може повеќе да се затвора во слонова кула и да донесува пресуди без да има предвид како тие ќе бидат примени и разбрани и да гледа на вознемиреноста на јавноста и медиумите од оддалеченост и со резерва (...) Денес судиите и јавните обвинители треба да знаат – и многумина веќе се свесни за тоа – дека не можат да избегнат медиумско покривање на сѐ поголем дел од нивната активност и дека правосудните институции, сакале или не, мора да се соочат со предизвиците на комуникацијата. Овој тренд е исто така поврзан со растечката потреба од транспарентност во сите државни активности. Транспарентноста е од суштинско значење за ефикасно функционирање на правосудниот систем, бидејќи ги зајакнува судовите и јавните обвинителства со доверба и почит од јавноста, а истовремено промовира позитивен имиџ. Довербата на јавноста во правда исто така зависи од разбирањето на судската активност."

- *Мислење бр. 8 за „Односите помеѓу обвинителите и медиумите" на Консултативниот Совет на европските обвинители* (КСЕО)[6] :

"Транспарентноста во извршувањето на обвинителските должности претставува суштинска компонента на владеењето на правото и една од важните гаранции за правично судење. Правдата не само што треба да биде спроведена, туку мора и да се види дека е спроведена. За ова да биде можно, медиумите треба да имаат можност да обезбедуваат информации за судски, кривични или други постапки. Примената на принципот на транспарентност на активностите на обвинителите претставува средство за обезбедување на довербата на јавноста и ширење на информации за нивната функција и нивните вештини. Имиџот на јавното обвинителство значително придонесува за довербата на јавноста во правилното спроведување на правдата. Обезбедувањето на медиумите со право на најширок пристап до информации за активностите на обвинителите исто така придонесува за зајакнување на демократијата и развивање на отворена интеракција со јавноста."

---

[5] rm.coe.int/cepej-2018-15-en-communication-manual-with-media/16809025fe

[6]



H
Y
P
E

Понатаму, во истиот документ се потенцира дека: "Односите на обвинителите со сите медиуми треба да се градат врз основа на меѓусебна почит, доверба, одговорност, еднаков третман и почитување на судските одлуки.[7] Во односите со медиумите, обвинителските служби треба да разгледаат можност за примена на двоен пристап – реактивен пристап, одговарајќи на барањата од медиумите, и проактивен пристап, преземајќи иницијатива да ги информираат медиумите за судски настан.[8] Покрај правните средства што им стојат на располагање на обвинителите, секоја реакција на неточни информации или нефер медиумски кампањи против обвинители, би требало по можност да доаѓа од страна на раководителот или портпаролот на обвинителството, а во поголеми случаи – од страна на државниот јавен обвинител или највисокиот орган надлежен за службата, односно највисокиот државен орган."[9]

- *Во Мислењето бр. 9*[10], обвинителите директно се охрабруваат "редовно да ја информираат јавноста, преку медиумите, за своите активности и резултати. Дејствувањето на обвинителите треба да биде насочено кон унапредување и зачувување на транспарентноста и довербата на јавноста во обвинителската служба."

- *Во Мислењето бр. 10 (2015) за Улогата на обвинителите во кривичните истраги*, КСЕО меѓу другото препорачува: "Обвинителите треба да настојуваат да ја развиваат довербата на јавноста преку обезбедување информации за нивните функции и овластувања, со што ќе придонесат за подобро запознавање со нивната работа, притоа почитувајќи ги основните права и принципи како што се презумпцијата на невиност и правото на правично судење."[11]

- Во друго мислење на КСЕО се препорачува: "За зајакнување на јавната доверба во правосудниот систем, советите на обвинители треба да дејствуваат транспарентно и да бидат одговорни за своите активности, преку периодични извештаи или на друг соодветен начин."[12]

Обезбедувањето соодветна обука за судии и обвинители за комуникација е од клучно значење. "Комуникацијата е професија. Секој што е одговорен за неа или ја прави, мора да ја разбира нејзината комплексност и да ги поседува сите неопходни алатки. Со зголемувањето на средствата за комуникација и брзината на информациите, сè повеќе станува ризично комуникацијата со медиумите да им се довери на судии и обвинители кои се обучени за време на нивната работа. Затоа, навистина е неопходно да се обезбеди соодветна обука. Судските институции имаат одговорност да бараат и обезбедат обука за комуникација на судиите и обвинителите.[13] Кога обвинителите имаат директни односи со медиумите, за да се обезбеди точна и соодветна информација,

---

[7] Препорака III
[8] Препорака IV
[9] Препорака IX
[10] Мислење бр. 9 (2014) на Консултативниот совет на европски обвинители до Советот на Министри на Совет на Европа за европските стандарди и принципи за обвинители (Римска повелба),

11

[12] Мислење бр. 18 (2023) на КСЕО за Советите на обвинители како клучни тела за самоуправување на обвинителите, препорака 13 https://rm.coe.int/opinion-no-18-2023-final/1680ad1b36
[13] Европска Комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ) (2018) 15, Водич за комуникација со медиумите и јавноста за судови и јавни обвинителства, https://rm.coe.int/cepej-2018-15-en-communication-manual-

треба да се обезбеди соодветна обука во областа на комуникацијата. Таа обука може да биде заедничка со/или организирана од експерти и новинари.“[14]

## 6. Комуникациски принципи и правила

Од досегашните согледувања, интересот од пошироката јавност за следење на работењето на Советот нема секогаш висок интензитет и може да се констатира дека најголемо внимание се посветува на постапките за избор и разрешување. Ова е разбирливо имајќи ја предвид важноста на овие постапки, но не треба да се сведе работата на Советот и генералната перцепција само на овие две надлежности.

Советот не може да влијае на уредничката политика на медиумите, ниту пак да диктира колку медиумски простор и внимание ќе се посвети на работите и состојбите кои се клучни за ова тело. Имајќи го предвид ова, можно е веста со најголемо значење за Советот да не биде пренесена преку медиумите до јавноста или за истата да биде издвоено помало внимание при известувањата. Затоа Советот преку користење на достапните канали за комуникација, а особено преку објавите на својата веб-страница, самите стануваат медиум со големо влијание и достапност.

Во таа насока, од клучно значење за остварување на целите на Стратегијата е комуникацијата, а со тоа и транспарентноста да се темели на следните принципи:

- **ПРОАКТИВНОСТ** - Советот мора да изгради проактивен пристап кон информирањето со цел да го задржи вниманието на јавноста кон целокупната негова работа и активности и затоа ваквиот пристап треба да се практикува во остварување на целите. Комуникацијата со јавноста треба да биде континуриана и во зависност од состојбите иницијативата да произлегува од Советот, а не да се применува пасивен пристап и чекање да се добијат барања за информации или изјави;

- **НАВРЕМЕНОСТ** - Во насока на градење на довербата во работењето на Советот клучно е навременото споделување на информациите и одлуките, бидејќи секое ненамерно одлагање може да отвори простор за сомнежи кои го доведуваат во прашање целокупното постапување. Ова претставува голем предизвик во денешно време каде преку користење на социјалните медиуми и други алатки за комуникација, информациите може да бидат споделени и пред официјалната објава од институцијата, а со тоа и да се креира погрешна слика за постапувањето. Во таа насока потребна е директна и навремена комуникација со сите целни групи;

- **СПОДЕЛУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНА, ЕДНОСТАВНА И РАЗБИРЛИВА ИНФОРМАЦИЈА** - Комуникацијата може да биде остварена на проактивен начин, информацијата може да биде соопштена во најкратко време, но истата можеби нема да ја постигне целта доколку содржински не е квалитетна, едноставна и разбирлива за јавноста. Ова е од суштинско значење, бидејќи секоја информација споделена со пошироката јавност треба да биде базирана на факти во согласност со законската регулатива и да дава доволен спектар на информации. Тоа подразбира да се обезбеди одговор на шесте новинарски прашања:

---

[14] HYPER

- **Кој?** – Кој е вклучен? Кој го направил тоа?
- **Кога?** – Кога се случило?
- **Што?** – Што се случило?
- **Каде?** – Каде се случило?
- **Како?** – Како се случило? (начинот, околностите)
- **Зошто?** – Зошто се случило? (причината, мотивот)

## 7. Цел на Стратегијата

**Советот на јавните обвинители игра клучна улога со своето транспарентно и одговорно работење за зајакнување на јавнообвинителскиот систем, а со тоа и на целото правосудство.**

Имајќи во предвид дека Советот на јавните обвинители е колективно тело составено од 11 члена, преку долгорочно планирање и остварување на активностите од Стратегијата ќе се обезбеди континуитет во примена на стандардите, а со тоа **ќе се изгради институционалната меморија во работењето.**

**Со Стратегијата треба да се воспостават начелата и основните правила за комуникацијата кон јавните обвинители и пошироката јавност.**

Тука главна мисија е да се имплементираат **начела и стандарди на комуникација** и **транспарентност** кои ќе продолжат да се применуваат без разлика на составот на Советот и нивниот мандат.

Имајќи ја предвид основната функција и надлежностите кои треба да ги извршува, **потребно е да се препознае Советот како транспарентна институција и гарант на самостојноста на јавните обвинители.** Преку **редовното информирање, навремено комуницирање** и **отвореност во секојдневното функционирање** на Советот, ќе се воспостави редовна пракса која ќе води кон остварување на **главната цел,** а тоа е **зголемување на довербата во работата на Советот на јавните обвинители.**

Имајќи го предвид наведеното, целта на Стратегијата за **зголемување на довербата во работата на Советот на јавните обвинители** може да се постигне преку имплементирање на следните начела и стандарди за:

**- ИНФОРМИРАЊЕ**

Како што беше споменато во делот на правната рамка и анализата на состојбите, клучната улога во градење на комуникацијата и довербата кон Советот на јавните обвинители е навременото и квалитетно информирање. Кога се споменува комуникацијата и градењето на доверба кон институцијата треба да се пристапи со особено внимание и разбирање, бидејќи не секоја навремено споделена информација задолжително води кон зголемување на довербата. Секако тоа зависи од квалитетот на одлуката, но и самиот процес кој претходел за донесување на истата.

- **Поединечни цели во делот на информирањето:**

- редовно и навремено објавување на информациите за закажување на седниците со дополнителни појаснувања на пошироката јавност доколку се потребни кога станува збор за некои специфични постапки;

- редовно и навремено објавување на информации за одлагање или презакажување на седниците, со објаснување за причините кои довеле до тоа;

- унапредување на начинот и квалитетот на информациите кои се објавуваат во соопштенијата по завршување на седницата;

- воведување на директна комуникација преку користење мобилните апликации за групна комуникација со медиумите и граѓанскиот сектор кои покажуваат интерес да ја следат работата на Советот. Со ова ќе се обезбеди навремено известување за активностите на Советот и давање на доволен временски простор за организирање на медиумите и граѓанскиот сектор;

- определување на лице од Советот кое ќе биде задолжено за координација, кое ќе биде задолжено за иницијалната комуникација со Советот. Со тоа претседателот ќе може да се фокусира кон квалитетна подготовка на информациите. Ова подетално може да биде разработено со посебен правилник или насоки;

- подобрена координација со медиумите за давање изјави пред или по завршување на седниците;

- подготвување и објавување посебни соопштенија за работите од делокругот на Советот а кои се предмет на интерес на пошироката јавност;

- посветеност кон промоција и споделување информации за сите активности на Советот, а не само за оние кои произлегуваат од работата на седници, во насока на генералната перцепција дека Советот работи само кога одржува седници. Со ова главната порака која треба да се испрати е дека Советот работи постојано, а само одлуките ги донесува на седници, како краен резултат од претходно сработената работа;

- воспоставување на канал за комуникација со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и директно доставување на одлуките кои се од значење за функционирањето на Јавното обвинителство, со цел понатамошно споделување со сите јавни обвинителства;

- подготовка и објавување на јавни реакции преку соопштенија за сите случаи во кои е утврдено дека станува збор за постапки кои може да оценат дека се насочени кон загрозување на самостојноста на јавните обвинители во извршување на својата функција.

**- ТРАНСПАРЕНТНО РАБОТЕЊЕ**

Споделувањето и достапноста на информациите односно објавување на одлуките на Советот само по себе не може да доведе кон зголемување на довербата, бидејќи клучно е самиот процес на работењето да биде оценет како транспарентен. Исто така, фактот што седниците на советот се отворени за јавноста, задолжително не води и кон транспарентно постапување доколку недостасува објаснување и образложение на постапувањето и одлучувањето. Во таа насока, јавноста треба да биде вклучена и информирана за сите процеси кои ги води Советот од делокругот на неговите надлежности. Од аспект на транспарентноста, од клучно значење е квалитетот и начинот на кој се објаснети постапките и одлуките со цел истите да бидат јасни, разбирливи и да служат за целта за која се носат и објавуваат.

- **Поединечни цели во делот на транспарентното работење:**

- во постапките каде околностите на случајот водат кон потребата за исклучување на јавноста, Советот ќе постапува со особено внимание за да не се фрли никаков сомнеж на постапката. Исто така е клучно дадените образложенија, како и донесените одлуки во овие постапки да бидат добро содржински објаснети и навремено објавени;

- редовно објавување на годишните извештаи и други материјали поврзани со работата на Советот;

- со оглед дека Советот ги разгледува и усвојува извештаите на Јавните обвинителства, потребно е да се утврди начинот на презентирање на истите, преку насоки за шефовите на јавните обвинителства кои податоци ќе треба да бидат во фокусот на претставување на работата. Преку овој механизам се допринесува и кон транспарентноста на конкретните јавни обвинителства, затоа што на ваков начин јавноста има можност непосредно да се запознае со резултатите од работата на обвинителствата.

Кога се зборува за транспарентноста, секогаш се надоврзува и начелото на отчетноста. Имено, транспарентното и одговорно работење доведено во корелација со должноста за образложение на одлуките води кон заклучокот дека доследно исполнување на овие принципи, особено во постапките за избор и разрешување на јавните обвинители, подразбира:

- давање образложение од страна на присутните членови на самата седница за причините поради кои гласа, подготвување на писмена одлука за изборот која содржи образложение и објавување на одлуките;

- воспоставување на правила за јавни реакции, изјави, соопштение за јавноста, објави на одлуки или организирање конференција за медиуми во случаите каде се загрозува професионалниот интегритет на јавните обвинители и може да се оцени како нарушување на самостојно, одговорно, законито, непристрасно и објективно извршување на јавнообвинителската функција;

- подготовка на упатство за постапување во предмети каде е исклучена јавноста, при што ќе се дефинираат сите аспекти на одлучувањето, почнувајќи од давање доволно објаснувања за јавноста кои се однесуваат на предметот и обвинителот со цел да се разјасни зошто се бара исклучување на јавноста по конкретните основи, уредување на правилата за образложение на одлуката, како и уредување на правилата за подготовка на записникот каде е исклучена јавност. Исто така и изготвување на посебно соопштение по однос на ваквите предмети;

- воспоставување на механизми за доближување на работата на Советот до јавните обвинители преку одржување на редовни средби и посети во сите јавни обвинителства;

- воспоставување на директна комуникација со јавните обвинители со цел споделување и информирање за постапките од нивен интерес. Исто така, воспоставување на директна комуникација со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за споделување и проследување на одлуките и информациите битни за јавните обвинителства;

- изработка на препораки за подобрување на односите со медиумите и јавноста;

- разгледување на можностите за пренос на седниците во живо и користење на социјалните медиуми за целите на внатрешна и надворешна комуникација.

**- НАДГРАДУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВЕШТИНИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА**

Имајќи го предвид начинот на работење и функционирање на Советот како колективно тело, а особено во оној сегмент на донесување на одлуките на јавни седници, потребно е да се посвети големо внимание на начинот и вештините на комуникација на сите членови. Ова од причина што за јавноста, а особено за медиумите тоа претставува единствена можност непосредно да сведочат за начинот на делување на поединечните членови, правната аргументација која ја користат, како и квалитетот на изјавите и образложенијата кои ги даваат.

Во тој контекст повторно се издвојува улогата на претседателот на Советот, бидејќи преку медиумите дава изјави за пошироката јавност и за време на траење на неговиот мандат претставува најблиска асоцијација за Советот.

Следствено, тука се наметнува потребата за континуирано надградување на знаењата за јавен настап и јавно говорење преку специјализирани обуки на членовите за вербалната комуникација која се одвива во реално време и се забележува од медиумите, граѓанското општество и правната фела.

Кога се споменува континуирано надградување истото треба да се сфати од аспект дека сите членови во периодични циклуси ќе имаат можност да се стекнат со комуникациски вештини, додека кога се вели специјализирани обуки истите треба да бидат практични и разновидни, односно прилагодени на конкретните потреби и начин на работата на Советот (на пример, комуникација при спроведување на постапките за избор или разрешување на јавните обвинители.

Сепак, обуките и курсевите не треба да бидат фокусирани само кон вербалната комуникација, туку посебно внимание треба да се посвети и на писмената комуникација, имајќи предвид дека законот предвидува сите одлуки на Советот да бидат образложени, а од аспект на транспарентноста, потребно е соопштенијата, записниците и другите акти да се објават на веб-страницата и да станат достапни за пошироката јавност.

Во таа насока, во обуките за овој вид на комуникација покрај членовите треба да биде вклучена и стручната служба на Советот.

- **Поединечни цели во делот на подобрување и надградба на комуникациските вештини:**

- Подготовка на анализа со која ќе се изврши оценка на потребите за обуки на членовите, претседателот и стручната служба, со цел да се изработат специјализирани програми;

- Воспоставување редовна комуникација со Академијата за судии и јавни обвинители, со цел обезбедување поддршка во делот на организирање на овие обуки;

- Организирање на почетни обуки за јавен настап и јавно говорење за новоизбраните членови и претседателот на Советот, веднаш по стапување на функцијата;

- Организирање на тематски средби за комуникација каде ќе бидат поканети сите заинтересирани лица за работата на Советот, а особено претставници на медиумите и граѓанското општество, каде преку непосредни разговори ќе се разменуваат практични искуства и знаења за комуникацијата на Советот.

Генерално кога се зборува за надградба на комуникациските вештини, преку поединечната комуникација треба да се надгради и интерната комуникација во Советот, но и институционалната комуникација на Советот со пошироката јавност. За да се остварат овие цели потребна е и реорганизација во секојдневното работење преку:

- назначување на лице за односи со јавност, но доколку тоа не е возможно именување на лице за контакт со јавност и медиуми,

-воведување на правила и обуки за интерна комуникација.

## 8. Целни групи

Имајќи ја предвид основната функција за која е формиран Советот на јавните обвинители како самостојно тело и надлежностите кои ги извршува, потребно е да се препознае Советот како транспарентна институција и гарант на самостојноста на јавните обвинители. Преку редовното информирање, навремено комуницирање и отвореност во секојдневното функционирање на Советот, ќе се воспостави редовна пракса која ќе води кон остварување на главната цел на Стратегијата, а тоа е зголемување на довербата во работата на Советот на јавните обвинители.

За остварување на оваа цел, како целни групи за комуникација се јавуваат:

- **Општата јавност**

Советот преку примена на принципите од начелото за транспарентност треба да ја стори достапна и претстави својата работа до пошироката јавност. Тука не станува збор само за оние должности од формално правен карактер, како што е со годишниот извештај, неговото објавување на веб-страницата и доставување до институциите, туку се работи за овозможување на јавноста да има увид во секојдневната работа и одлуките на Советот. Во овој контекст, Советот треба да има и афирмативна природа кон појаснување на своите законски надлежности и разграничување со надлежностите за постапување во одредени ситуации. Имено, како што беше и објаснето во делот каде е анализирана правната рамка, Советот и Јавниот обвинител на Република Северна Македонија имаат поделени надлежности и одговорности во јавнообвинителскиот систем. Исто така, Советот на јавните обвинители има различни надлежности споредбено со Судскиот Совет, поради што некогаш се создава очекување во јавноста за реакција од Советот на јавните обвинители во постапки каде што истиот нема никакви законски надлежности.

Во најголем дел општата јавност ги добива информациите за работата на Советот преку медиумите или преку објавите на веб-страницата. Поради ова пораките и соопштенијата од Советот треба да бидат јасни, прецизни и разбирливи за сите. Ваквиот јазик на комуникација ќе овозможи разбирливост и достапност до општата јавност без забуни кои може да ги внесат сложената правна терминологија или добивање нецелосни информации преку цитирање само на правни норми за постапките.

Сепак комуникацијата со пошироката јавност и градењето на довербата во работа на Советот не може да се сведе само на информациите споделени од медиумите и објавените информации на веб-страницата. Особено значајна улога има директниот, непосредниот контакт кој го имаат членовите на Советот и вработените со јавноста. Ова особено ако се земе предвид фактот дека пред почетокот на седниците, за нивно времетраење или по завршувањето, членовите како и вработените во службата имаат можност за директен формален или неформален контакт со медиумите, претставниците на граѓанските организации и заинтересираната присутна јавност.

*Имајќи го тоа во предвид, Советот на транспарентен начин ќе ја доближи својата работа до општата јавност преку директна јасна, прецизна и разбирлива комуникација.*

- **Медиуми**

Комуникацијата со јавноста преку медиумите може да претставува сложен и сериозен предизвик за Советот на јавните обвинители ако се имаат предвид некои аспекти од природата на работа која ја извршува. Оттука може да се забележи разликата помеѓу слободата на информирање кога станува збор за законските надлежности во поглед на постапките за избор и разрешување, разгледување на годишните извештаи или други активности кои имаат административна природа на одлучување во споредба со постапувањето по оние одлуки кои вклучуваат дискусија за детали од предмети по кривични постапки.

Имајќи ги предвид начелата на тајност според кои се води кривичната постапка и ограничувањата согледани во заштитата на информациите, доколку станува збор за конкретни кривично правни предмети, Советот согласно закон е ограничен во комуникацијата со јавноста, сведувајќи ја на споделување само на неопходните информации.

Согласно правото на информирање и слободата на медиумите, оправдано може да се очекува дека јавноста и медиумите секогаш тежнеат кон добивање комплетни детални информации и податоци за сите настани кои предизвикуваат поширок интерес, а се во делокругот на работењето и надлежностите на Советот. Тука е битно да се нагласи дека Советот на јавните обвинители не секогаш може да ги сподели сите информации, бидејќи е должен информацијата да ја подготват и проверат низ филтерот на одредени начела, почнувајќи од *ефикасноста и доверливоста на истрагите* доколку е во прашање кривичната постапка, тајноста на предметот по кој се постапува доколку одредени документи се класифицирани информации, како и заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител.

Во тој контекст, истовремено Советот на јавните обвинители очекува дека медиумите и јавноста ја разбираат нивната законска положба и законски предвидените ограничувања за јавно споделување одредени информации, па во случај кога на седниците е исклучена јавноста или не се споделуваат конкретни информации, сметаат дека тоа **не треба** да се поистоветува со нетранспарентност.

Поаѓајќи од ова становиште, Советот на јавните обвинители се обврзува дека ќе работи на зголемување на разбирањето за функционирањето на медиумите, потребата за информирање и отвореноста кон јавноста.

*Медиумите имаат клучна улога во пренесувањето на информациите од работењето на Советот, а со тоа и во креирањето на сликата до целокупната јавност. Тргнувајќи од фактот дека најголем дел од општата јавност го формира мислењето преку информациите споделени од медиумите, Советот треба да посвети посебно внимание кон воспоставување и одржување на квалитетни односи со сите новинари и медиуми.*

- **Јавните обвинители**

Во контекст на Стратегијата, јавните обвинители претставуваат специфична внатрешна целна група, бидејќи примарната интеракција во рамки на законските надлежности се остварува помеѓу Советот на јавните обвинители и јавните обвинители.

Предуслов за ефикасно извршување на основната функција на Советот како самостоен орган надлежен да ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните

обвинители во извршување на нивната функција, претставува градењето на однос заснован на доверба, заштита, транспарентност и отчетност. Оттука, довербата во работата на Советот најпрво треба да доаѓа од јавните обвинители.

Во таа насока, Советот треба јасно да ја шири својата мисија, а тоа е дека нема да допушти никакви противзаконити влијанија кон јавните обвинители и дека во таков случај Советот ќе претставува браната која ќе ги штити јавните обвинители при вршење на нивната функција. Од друга страна, повратната комуникација треба да дојде од јавните обвинители кои ќе побараат заштита од Советот при вакви обиди за нарушување, кои може да доаѓаат внатре од институцијата или од другите општествени чинители.

Тука е особено битно да се воспостават правила за јавни реакции, изјави, соопштенија за јавноста, објави на одлуки или организирање на конференции за медиуми во случај кога се загрозува професионалниот интегритет на јавните обвинители и може да се оцени како нарушување на самостојно, одговорно, законито, непристрасно и објективно извршување на јавнообвинителската функција.

Комуникацијата со јавните обвинители треба да се одвива непречено и ефикасно, но пред се на практичен начин за да се доближи работата на Советот до јавното обвинителство преку давање посебен фокус на информирање за фазите на постапки кои се од значење за конкретните јавни обвинители, особено во постапките за избор или разрешување. Како за пример, доколку една постапка за избор на јавни обвинители се одолговлекува, но не по вина на Советот, директната комуникација со јавните обвинители и известувањето за причините само може позитивно да допринесе кон кредибилност и доверба на целиот процес.

*Целната комуникација на Советот кон јавното обвинителство и јавните обвинители е клучна за успешното работење на Советот, но и за правилно и непречено функционирање на јавнообвинителскиот систем.*

- **Граѓански сектор**

Работата на Советот претставува предмет на мониторирање од страна на здруженијата од граѓанскиот сектор кои како јавност ги следат седниците. Тука особено е важно да се воспостават директни канали за комуникација и споделување на релевантни податоци, бидејќи граѓанските организации подготвуваат извештаи и анализи кои имаат големо влијание за перцепцијата на јавноста кон работата на Советот.

Членовите на Советот треба да имаат активно учество на настаните каде се презентираат извештаите и анализите кои се однесуваат на работата на Советот, но исто така треба да биде отворен и за разгледување на истите во рамки на седниците.

Заедничката соработка со граѓанските организации треба да се надгради и кон организирање на заеднички активности, како што се тркалезни маси или обуки, за да се унапреди соработката, а со тоа и работата на Советот.

*Советот ќе воспостави редовна и отворена комуникација со граѓанскиот сектор преку размена на информации, учество на настани и заеднички активности со цел унапредување на транспарентноста и довербата во неговата работа.*

- **Здружението на Јавните обвинители**

Здружението на јавни обвинители е основано како невладина, непрофитна и доброволна организација, со главна цел ја промовира независноста и непристрасноста на јавните обвинители во вршењето на нивната функција.

Имајќи ги во предвид заедничките цели, помеѓу Советот и Здружението на јавните обвинители потребно е да се воспостави редовна комуникација, размената на стручни информации и организирање на заеднички настани и кампањи за промовирање на независноста и непристрасноста на јавните обвинители.

Особено е важна ваквата соработка во делот на примената на Етичкиот Кодекс на јавните обвинители, со оглед дека истиот го донесува Советот по предлог на Здружението на јавните обвинители.

*Советот и Здружението на јавните обвинители, водени од заедничката мисија за унапредување на независноста и непристрасноста во обвинителската функција, треба да градат континуирана и стратешка соработка преку размена на стручни ставови, заеднички настани и заедничко дејствување по однос на етичките прашања.*

- **Државни институции**

Согласно законот, Советот е дефиниран како самостоен орган кој е надлежен да ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители. Како тело кое го сочинува правосудниот систем потребно е да воспостави ефективни механизми за интеракција со сите државни органи и институции, но и систем на заштита кога ќе се забележат одредени состојби кои го загрозуваат јавнообвинителскиот систем.

Имајќи во предвид дека Советот со својата работа треба да оневозможува било какво влијание во јавното обвинителство спротивно на закон, потребно е проактивна комуникација со сите државни институции кога Советот ќе забележи одредено постапување со кое се загрозува професионалниот интегритет на јавните обвинители и може да се оцени како нарушување на самостојно, одговорно, законито, непристрасно и објективно извршување на јавнообвинителската функција.

*За правилно функционирање на правосудниот систем потребен е заеднички и координиран пристап и постојана комуникација со сите државни институции, особено со судската власт.*

## 9. Внатрешна комуникација и координација

Предуслов за остварување на стратешките определби и успешна комуникација со целните групи е воспоставување на успешна и ефикасна внатрешна комуникација во Советот, каде протокот и размената на информации ќе се врши во реално време.

Оваа комуникација се остварува помеѓу претседателот, членовите на Советот, секретарот и вработени во Советот.

Во тој контекст, потребно е сите членови и вработените во Советот, точно да бидат запознаени како да постапат при извршување на секојдневните активности кои ги имаат и што се очекува од нив во одредени систуации кои налагаат ефикасна комуникација.

Со цел да се унапреди внатрешната комуникација и координација на активностите потребно е:

- организирање на редовни состаноци,

- изработка на насоки за внатрешно комуницирање и координација на активностите,

- користење на централизирана cloud – платформа за размена на информациите и споделување на документи,

- користење на меил комуникација помеѓу членовите и вработените за споделување битни информации,

- подготовка на правила за итна и кризна комуникација, каде под "итна" се подразбира секоја комуникациска активност што бара навремена и координирана реакција поради зголемен јавен интерес, медиумска изложеност или институционални ризици, додека "кризна" ќе се однесува на ситуации што директно го загрозуваат интегритетот на Советот, ја нарушуваат самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција или кога станува збор за реакции на влијанија во јавното обвинителство спротивни на закон.

## 10. Комуникациски алатки и техники

Советот во изминатиот период вложи големи напори кон подобрување на комуникацијата и транспарентноста во своето работење. Преку Стратегијата потребно е да се унапредат и надградат воспоставените практики за известување за закажаните седници, објавување на соопштенија по завршувањето на седниците, давање изјави за медиуми пред почетокот или по завршување на седниците, како и подобрување на функционалноста и достапноста на веб-страницата на Советот.

Имајќи ги предвид целните групи во корелација со принципите, потребно е Советот правилно да процени и предвиди кои комуникациските алатки ќе ги примени во зависност од конкретните барања и потреби.

Во тој контекст, може да се применат следните комуникациски алатки и техники:

- соопштенија за јавноста,

- објави за конкретни активности на Советот,

- конференција за медиуми,

- брифинзи за новинари,

- интервју,

- изјави за медиуми,

- одговори на новинарски прашања,

- воспоставување на директна комуникација преку користење мобилните апликации за групна комуникација со медиумите и граѓанскиот сектор,

- организирање на отворени денови за кандидати за судии и јавни обвинители,

- организирање на отворени денови за студенти,

- подготовка и објавување на анализи, заклучоци и препораки,

- објави на веб-страницата на Советот и веб-страницата на Јавното обвинителство на РСМ,

- пренесување на седниците во живо.

Секоја од овие препорачани начини за комуникација треба да биде прилагоден кон барањата и потребите за информирање.

### Веб-страница на Советот

Веб-страницата на Советот претставува најважното средство за пренесување и објавување на информациите до целокупната јавност.[15] Преку овој начин на комуникација Советот станува медиум, бидејќи има можност да ги креира содржините и формата во која сака да ги стори достапни информациите.

[15] https://sjorm.gov.mk/

Затоа од особено значење е редовното прикачување на содржините на веб-страницата, но и постојано следење и барање повратни информации од корисниците за пристапот до содржините.

Збогатување на содржината и податоците достапни на истата треба да биде еден од приоритетите на Советот во наредниот период.

Во таа насока, веб-страницата може да се подобри преку:

- објавување на подетални информации за кариерата на членовите, нивното искуство, податоци за нивниот избор и мандатот, како и релевантни податоци за работните обврски кои ги имаат во Советот (координатор за одредено подрачје),

- подобрување на содржините групирани во посебните фолдери,

- можноста за подобро пребарување на содржините (по година или тип на документ),

- воведување на календар со активности: прикажување на датуми кога се планира одржување на седници или други битни настани во организација на Советот.

## 11. Рамка за следење, известување и евалуација

По донесувањето на Стратегијата, првиот чекор со цел успешно имплементирање на овој стратешки документ ќе биде активноста за формирање на Комисија за спроведување на Стратегија.

Оваа Комисија ќе игра клучна улога во координирањето и надгледувањето на извршувањето на Стратегијата, водејќи грижа за исполнување на препораките и следење на напредокот. Комисијата треба да биде отворена да вклучи поединци со стручни знаења во областите на комуникацијата, правото и судските работи за да обезбеди сеопфатни насоки и упатства за успешна имплементација на Стратегијата. Примарните одговорности на Комисијата ќе вклучуваат проценка на индикаторите за исходот и влијанието, собирање податоци и спроведување редовни проценки и известувања.

## 12. Заклучни согледувања и следење на примената на Стратегијата

Целиот концепт на овој стратешки документ се темели на формулирање препораки кои произлегуваат од согледаните реални состојби во секојдневното работење и постапување на Советот. Преку нивна примена на долг рок ќе се изградат практики кои ќе се применуваат во работење и со тоа ќе се воспостави институционална меморија во постапувањето. Ова значи дека системот на работење во Советот ќе функционира исто без разлика кој го сочинува ова тело. Во таа насока, препораките ги опфаќаат и досега воспоставените добри практики на работење и настојуваат да ги надградат и унапредат, додека за оние состојби воочени како слабости се адресираат решенија за надминување на истите.

Како главен заклучок од меѓународните стандарди може да се посочи дека транспарентноста и ефективната комуникација се суштински за зајакнување на довербата во правосудните институции, вклучително и Советот. Советот на јавните обвинители не смее да биде изолиран од јавноста, туку треба проактивно, навремено и професионално да информира за своите активности, преку соработка со медиумите и користење на сите достапни канали. Истиот има обврска да делува отворено и одговорно, со почитување на човековите права, а притоа да обезбеди и соодветна обука за комуникација, бидејќи токму преку транспарентноста се гради довербата и се јакне владеењето на правото.

Комуникацијата на Советот со јавноста треба да биде стратешки водена и заснована на принципите на проактивност, навременост и јасност, со цел да се задржи вниманието на јавноста и да се зајакне довербата во работењето на ова тело. Иако интересот на медиумите најчесто се фокусира на изборот и разрешувањето, Советот има обврска да ја афирмира целокупната своја работа преку користење на достапните комуникациски канали, особено сопствената веб-страница, со што самиот станува влијателен медиум. Воспоставувањето на постојана, навремена и содржински квалитетна комуникација која одговара на клучните новинарски прашања е од суштинско значење за објективно информирање на јавноста и спречување на погрешни перцепции.

Донесувањето на Стратегијата претставува првиот и основен чекор во насока на подобрување на комуникацијата и транспарентноста во работењето на Советот.

**А бр.02-81/1**

**Скопје, 11.11.2025 година**

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Заменик претседател,**
**Башким Бесими**